ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 66**

**Скопје, 15.01.2018 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на политички науки на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 8**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на современа историја на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 11**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на финансово, трговско и компаративно право на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСЛОВНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 19-2025 од 23.11.2018 година донесена на седница на наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки одржана на 23.11.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања по група предмети од областа на политички науки на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот "Независен весник" на 06.11.2018 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *Д-р Виктор Димовски*

Врз основа на приложената документација од кандидатот чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за политички науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Виктор Димовски основно и средно образование има завршено во Битола, а факултетското образование го има оформено на Факултетот за безбедност во Скопје со просек 9.3. Школувањето го продолжува на Национална Школа за Администрација (L'ENA), во Париз, Франција која со успех ја завршува во 1996 година. Постдипломските студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје ги завршува во 2010 година со просечна оценка 9.89, каде во 2011 година се стекнува со академски степен магистер на политички науки со одбраната на магистерскиот труд на тема "Предизборните коалиции во Република Македонија и факторите кои влијаат на нивното формирање". Во 2011 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје се пријавува за изработка на докторска дисертација на тема "Формирање на предизборните коалиции во земјите од Западен Балкан" која со успех ја одбранува во 2015 година и се стекнува со научен степен доктор на политички науки.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Виктор Димовски е ангажиран на УАЦС во есенскиот семестар во академската 2016/2017 година како истакнат стручњак од практиката за предметот Изборни системи, а ангажманот продолжи и во академската 2017/2018 година по предметите Современи политчки системи и Меѓународна безбедност. Во тековната академска 2018/2019 година е ангажиран како истакнат стручњак од практиката за предметот Меѓународна безбедност.
Од 2014 година е ангажиран како надворешен соработник на Берлинскиот Центар за општествени науки (WZB Berlin Social Science Center) на Проектот за Програмско истражување на Политичкото Претставување (MARPOR), а има воспоставено соработка и со Меѓународниот истражувачки центар за спротивставување на насилниот екстремизам (HEDAYAH) на проект во рамките на Глобалната програма на Европската Унија за зајакнување на резистентноста кон насилството и екстремизмот (STRIVE) .

Во последниоте 5 години ги има објавено следните трудови во списанија со кои имаат импакт фактор:

- Membership Recruitment and Propaganda in Macedonia [Dane Taleski, Viktor Dimovski and Muhamed Halili], (Routledge Studies on Political Parties and Party Systems) Party Members and their Importance in non-EU Countries: A Comparative Analysis – Routledge**,** Edited by Sergiu Gherghina, Alexandra Iancu, Sorina Soare https://www.routledge.com/Party-Members-and-Their-Importance-in-Non-EU-Countries-A-Comparative-Analysis/Gherghina-Iancu-Soare/p/book/9781138708631
**-** The Presidentialisation of Political Parties in Macedonia: The Role of Ethnics, [Taleski, Dane , Dimovski Viktor and Pollozani Lura], In The Presidentialisation of Political Parties in the Western Balkans, Editor: **Passarelli**, Gianluca (Ed.) https://www.palgrave.com/gp/book/9783319973517#
- "Maintaining a Hybrid Regime: The Case of Macedonia", [Dane Taleski, Dragan Tevdovski, Trajce Panov and Viktor Dimovski], 2016, Religion and Society in East and West, Special Issue "Illiberal and Authoritarian Tendencies in Eastern Europe", nr. 45, vol. 9, pp. 31-32. https://g2w.eu/zeitschrift/aktuelle-ausgabe.
- The influence of intra-party regulations on intra-party democracy in the Republic of Macedonia [Viktor Dimovski, Dane Taleski, and Lura Pollozhani],Balkan Electoral Studies http://balkanelectoralstudies.org/images/RRPP_upgrade/policy_papers/Macedonia-Influence_of_Intra-Party_Regulations_on_Intra-Party_Democracy_in_Macedonia.pdf

Во претходниот период, помеѓу останатото ги има објавено и следните трудови:
- Dimovski Viktor, (2011), "Pre-electoral coalitions in the Republic of Macedonia", Policy paper, Progress & FES, Skopje
- Dimovski Viktor, (1999), "Macedonia and France in global processes", Conference Proceedings "Macedonian & French relationships", Society for the French language and culture, Bitola
- Dimovski Viktor, (1998), "Republic of Macedonia and Regional Cooperation of the SEE Countries", Conference Proceedings "Alternatives of Development: Economic and Social aspects of the changes in the SEE Countries, St. Kliment Ohridski University, Bitola

Воедно, има презентирано делови од свои истражувања на следните меѓународни конференции:
- "Pre-election coalition formation in the countries of Western Balkans" presented at the Manifesto Project User Conference, June 4-5, 2016, WZB Berlin Social Science Center
- "Macedonia and EU Common Foreign and Security Policy" presented at the CFP International Conference "The EU Common Foreign and Security Policy and Candidate States", Begrade, May 27-29, 2014
- "The central challenges for a future SEE security architecture – case of Macedonia, presented at the ASPEN high level conference " Organized Crime as a Security Challenge in Southeast Europe", Budva, May 30-June 2, 2013

***Општествена дејност***

Виктор Димовски во периодот 1996-2003 година ја извршува функцијата помошник министер во Министерството за надворешни работи и во овој период бил и Национален координатор на Република Македонија за Централно европската иницијатива (CEI), Национален координатор на Република Македонија за Иницијативата за соработка во ЈИЕ (SECI), Претседател на македонскиот дел на Заедничката дипломатско експертска комисија за утврдување на државната граница помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија и Претседавач на Комитетот на политичките директори на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (SEECP). Во 2003 година именуван е за Вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Србија и Црна Гора, а во периодот 2004 - 2007 е Вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Израел. Во 2007 е именуван за Директор на Агенцијата за разузнавање, а од 2009 до 2016 година е Амбасадор во Министерство за надворешни работи на

Република Македонија. Од јуни 2017 година е Државен секретар во Министерство за надворешни работи на Република Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната и научната активност на д-р Виктор Димовски, одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно - истражувачка и наставна област.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека д-р Виктор Димовски искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Виктор Димовски поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен доцент во областа на политички науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, д-р Виктор Димовски, да биде избран во звањето *насловен доцент* во областа на политички науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Зоран Шапуриќ с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Стево Пендаровски с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Марина Андева с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА СОВРЕМЕНА ИСТОРИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 19-2025 од 23.11.2018 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки, одржана на 23.11.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент во соработничко звање од областа современа историја на Факултетот за политички науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот "Независен весник" на ден 06.11.2018 година, и во предвидениот рок се пријавија:

1. *М-р Тихомир Јанчовски*

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за политички науки да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Тихомир Јанчовски е роден е на 24 август 1967 година во Скопје. Основно училиште завршил во ОУ „Јохан Хајндрих Песталоци“, а средно во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во роднопт град, обете со континуиран одличен успех. По отслужувањето на воениот рок, во Постојна и Сежана, тогашната СР Словенија, студирал на групата за Општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет, на УКИМ во Скопје. Студиите ги завршил 1991 со просечен успех 9,0. Во 1995 заминува на постдипломски студии во Унгарија, на групата за Средновековни студии (Медиевалистика) при ЦЕУ, Будимпешта и специјализацијата ја завршил 1996, со просечен успех 3,3 (GPA, на скала до 4). Неговата завршна работа од тие студии подоцна е издадена во форма на мултимедијално ЦД, со наслов: „Нерези, историја, архитектура, живопис“ (Табернакул, Скопје, 2000). Во 2008, магистрирал на групата за Историја, при Филозофскиот факултет на УКИМ, на темата: Историја на монаштвото во современата македонска држава со просечен успех на магистерските студии, 9,0. Во 2010, овој труд, малку видоизменет, е издаден како книга под наслов: „Монаштвото во Македонија (1945-2007)“ (Сигмапрес, Скопје, 2010). Пријавил и докторат, на тема: „Приликите и состојбите во МПЦ, од основањето во 1945 до првите децении на 21 век“. Пред да наполни 30, живеел на островот Скијатос (Грција) во Амстердам (Холандија), Лондон(Белика Британија) и Будимпешта (Унгарија). Од 1996, постојано живее и работи во Скопје, главно како професор по литература и светска историја, но и како новинар-колумнист и преведувач.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Гимназија Јосип Броз-Тито, Скопје. Професор по македонски јазик и литература, 1992.
Гимназија Орце Николов, Професор по македонски јазик и литература, 1996-2000.
Американска гимназија НОВА, Скопје. Професор по Македонски јазик и литература, професор по Светска историја (World History), професор по НН Светска историја (AP World History) и професор по Општествени науки (Social Sciences). Шеф на катедрата за Општествени науки при ова училиште (2002-20015). Предметот AP World History е факултетски, на ниво на колеџ (college level), и е надворешно оценуван од меѓународна комисија за оценување. Просечниот успех на неговите студенти по овој предмет е 4,0 (на скала од 1 до 5). Просечниот успех по овој предмет на светско ниво, во 2017 е 2, 2. Некои од неговите студенти што го земале овој предмет, подоцна се запишале (и завршиле) на некои од најпрестижните универзитети во САД (Harward, Yale, Princeton…)

ETS (Educational Testing Services). Член на комисиите за полагање и прегледување на завршни тестови по предметот AP World History, од 2011 до 2017 година. Salt Lake City, Utah, USA
Публикации:

- *Св. Пантелејмон, Нерези, историја, архитектура, живопис* (мултимедијално ЦД), Табернакул, 2000
- *Пештерските цркви во Македонија* (сценарио за документарен филм), Дигитпроп, 1999
- *Монаштвото во Македонија, 1944-2007* (современа историја ), Сигмапрес, 2010

***Општествена дејност***

М-р Тихомир Јанчовски, професор, писател, колумнист и преведувач, досега ги објавил следниве книги поезија:

- ***Обични зборови***, Табернакул, 1999
- ***Два*** , Кинематика, 2002
- ***Последно време***, Блесок, 2005
- ***Осама***, Или-или, 2010
- ***О, ти***, Темплум, 2011
- ***Староста може, а и не мора да се дочека***, Матица, 2013
- ***Од збор до збор*** (избор), Антолог, 2016
- ***Игла и конец***, Матица, 2016
- **Godine** (избор), Buybook, Sarajevo, 2017
- **The Noise of Loneliness**, Inner Child Press, New Jersey, 2018
- **Влакно на јазикот**, Скопје, 2018

Избори од неговата поезија се преведувани и објавувани во различни литературни списанија и антологии (Млад борец, Студентски збор, Proglas, Texas Poetry Review, Muse India, Блесок, Пурпурни извори, Voix Vives…). Преведуван е на англиски, француски, словачки, српски, хрватски, албански, босански, грчки, фарси, грузиски, црногорски, германски и италијански јазик.

Бил учесник на бројни поетски фестивали во земјата, регионот и Европа. (Струшки вечери на поезијата, Sarajevski dani poezije, Voix Mediteranee, Sete, Ratkoviceve veceri, Bijelo Polje, Бош фестивал, Гевгелија, 1000 poets for change, International poetry festival, Rahovec… )

Од 2013 до 2016 редовно објавува колумни во *Утрински весник*, во рубриката „Рурбано“. Исто така, колумни објавува и на порталот off.net.mk, под наслов „Исповеди“. За првите нема податоци, но вторите ќе бидат мошне читани во македонската јавност и ќе достигнат бројка од 72. 000 отворања и споделувања.
Избор од неговите колумни пишувани за Off.net (2013-2017) е објавен во книгата *Бавчи*, Трендоленд, 2015.
Поголем избор од неговите колумни пишувани за печатените медиуми во Македонија треба да излезе наскоро, кон крајот на годинава.

Организатор и основач на акцијата „Биди човек, подари книга“ со која, без поддршка од ниедна институција, се собрани и поделени над 3.000 книги за болниците и затворите во Македонија, како и за Домот за деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ од Битола (2015-2016)

Друго од истиот автор:

Преводи:

- *Ава Антониј,* Атанасиј од Александрија, Табернакул, 1997, Скопска Митрополија, 2016
- *Историја на светот,* Плантаџенет Сомерсет Фрај, Просветно дело, 2001
- *За молитвата,* извадоци од Добротољубието, Табернакул, 2004 (за овој превод ја добил наградата Архиепископ Гаврил)
- *Живи мошти,* Иван С. Тургењев, Православен пат, 2007
- *Нерези,* Донка Б. Трајковска (на англиски), Сигмапрес, 2006
- *Три најважни вистини за човекот,* Иван Маринковиќ, Скопска Митрополија, 2008
- *Пиратологија,* Даглас Хир, Табернакул, 2008
- *Компаративен уставен инженеринг,* Џовани Сартори, Табернакул, 2009
- *Корупција и власт,* Сузан Роуз Ејкерман, Центар за граѓански комуникации, 2012
- Два света, Руми, Матица, 2018
- Условна слобода, избор од современата поезија на БиХ, Скопје, 2018
- Мајчин јазик и други песни, Ахмед Буриќ, Блесок, 2018
- Практични поглавја за молитвата, Евагриј Понтиски, Метанојa, 2018

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува стручната, научната и наставната активност на пријавениот кандидат м-р Тихомир Јанчовски.

Врз основа на податоците за стручната, научната и наставната активност на м-р Тихомир Јанчовски, претходниот ангажман на кандидатот и одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и наставно-стручни звања на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Рецензентската комисија констатира дека м-р Тихомир Јанчовски покажува стручен и научен развој и го потврдува неговиот систематски пристап кон проблемите од неговата научно-стручна и наставна област.
Според гореизнесеното, Комисијата оценува дека м-р Тихомир Јанчовски ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје да го избере во соработничкото звање *асистент* по група предмети во областа на современа историја.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Роберт Хадсон с.р.
Универзитет Дарби, Велика Британија

вон. проф д-р Иван Додовски с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Стево Пендаровски с.р.
Факултет за политички науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО – НАУЧНИ ЗВАЊА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Наставно – научниот совет на Факултетот за правни науки, на својата 12-та седница одржана на ден 25.12.2018 година, во врска со изборот на наставник во сите наставни – научни звања по група предмети од областа на финансовото, трговското и компаративно право, со Одлука бр. 15-2185/6 од 25.12.2018 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија.
На конкурсот објавен во весникот "Независен Весник" од 14.12.2018 година, (со исправката на конкурсот, објавена во истиот весник на ден 15.12.2018 година) се пријави само кандидатот, д-р Марко Андонов, вонреден професор на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ, Скопје.
Врз основа на анализата на поднесените документи на кандидатот и во согласност со одредбите на Законот за високо образование, го поднесуваме следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

Заедно со биографијата, кандидатот доставил:

- Уврение и диплома за завршен прв циклус на студии (нотарски заверени)
- Уверение и диплома за завршен втор циклус на студии ( нотарски заверени)
- Уверение и диплома за завршен трет циклус на студии ( нотарски заверени)
- Листа од научни трудови објавени во меѓународни научни публикации, односно списанија
- Копија (и електронска верзија) од објавените научни и стручни трудови во меѓународни научни публикации, односно списанија
- Потврда за познавање на англиски јазик

**1. Општи податоци**

д-р Марко Андонов е роден на 06.03.1981 година во Скопје. Во 2004 година дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", со просечен успех 9,34. Веднаш по дипломирањето се запишал на постдипломските студии по деловно право на истиот факултет, каде што магистрирал во 2007 година, со просечен успех 10,00, стекнувајќи се со академски степен – магистер на правни науки од областа на деловното право. Истата година се запишал на докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први во Скопје, каде што по успешната одбрана на докторската дисертација во јули 2009 година се стекнал со звањето – доктор на правни науки. Во април 2007 година, кандидатот го положил и правосудниот испит, а една година претходно го има положено и посебниот испит за работа со хартии од вредност, при што се има здобиено со посебна лиценца од Комисијата за хартии од вредност на РМ.

Неговата професионална кариера започнува веднаш по дипломирањето на Правниот факултет во Скопје во 2004 година, при што неговиот прв ангажман е како соработник во Стручната служба на Комисијата за хартии од вредност. Едновремено, во учебните 2004/2005 и 2005/2006 година, д-р Марко Андонов бил ангажиран и како демонстратор по предметот, Право на друштвата на Правниот факултет, кај неговиот ментор, проф. д-р Тито Беличанец.

Во 2006 година, кандидатот е вработен како стручен соработник во Секторот за супервизија на пазарот на капитал во Комисијата за хартии од вредност на РМ, а во

текот на 2007 година, како резултат на одличните работни перформанси е унапреден во инспектор во истиот сектор на Комисијата за хартии од вредност, каде што работел до септември 2008 година.

По докторирањето во 2009 година, кандидатот ја започнува својата наставно-научна кариера на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, каде што истата година е избран во наставно-научното звање – доцент по група предмети од областа на деловното право и трудовото право. Во рамки на наставата на првиот циклус студии изведува настава по предметите Право на друштвата и Финансово право, додека на вториот циклус на студиите по деловно право, изведува настава по предметите: Право на хартии од вредност, Даночно и царинско право, Стечај и стечајна постапка. Кандидатот е автор на две монографии, едно учебно помагало и една книга. д-р Андонов е автор и на повеќе од 50 научни и стручни авторски и ко-авторски трудови презентирани на меѓународни конференции и објавени во релевантни странски меѓународни списанија и журнали.

Во месец јули 2014 година е избран во наставно-научно звање - вонреден професор на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Почнувајќи од месец септември 2013 година, д-р Марко Андонов ја обавувал и функцијата в.д. декан на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје. Воедно, ја извршува и функцијата на заменик раководител на центарот за професионални обуки во рамки на УАКС. Во месец октомври 2014 година, избран е на функцијата декан на Факултетот за правни науки, со мандат од 4 години. Во месец октомври 2018 година е реизбран на функцијата декан, со мандат од 3 години. Д-р Марко Андонов е и акредитиран ментор за втор циклус (магистерски) студии, како и ментор за трет циклус (докторски) студии, од страна на Одборот за акредитација на високото образование на РМ.

Од извршените самоевалуации и евалуации во рамки на УАКС може да се констатира дека кандидатот има високо нивелирано стручно-професионално и педагошко ниво.

## 2. Останати професионални и експертски активности

д-р Марко Андонов е избран за едукатор и координатор на модулот по трговско право на почетната и континуираната обука во рамки на Академијата за судии и јавни обвинители на Р. Македонија. Воедно, избран е и за член на посебните комисии во рамки на Академијата за избор на стручна литература и организација на приемните испити за прием на слушатели во Академијата.

Помеѓу другите академски, едукативни и стручни активности, д-р Андонов е член и на уредувачкиот одбор на стручното списание *Правник* во издание на Здружението на правници на Република Македонија.

Како експерт за законодавство од областа на пазарот на капитал, д-р Андонов беше вклучен во ИПА проектот на ЕУ, насловен: „Further harmonisation with EU Acquis in the field of movement of capital and payments and financial services – securities markets and investment services", Contract No. 11-41235/1, кој се реализираше во периодот декември 2015 - јули 2016 година. Исто така, од јуни 2017 година, тој е лиценциран обучувач на Советот на Европа (Council of Europe) за HELP програмата - (Human rights Education for Legal Practicioners) во делот на следните подпрограми: *Бизнисот и човековите права* и *Правата од работен однос како човекови права*.

Во месец ноември 2017 година, со одлука на Владата на Р. Македонија е избран за Претседател на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата на Р. Македонија, со мандат од 4 години.

Во месец мај 2018 година, д-р Андонов е избран за независен член на Надзорен одбор на Друштвото за управување со пензиски фондови „КБ Прво Пензиско Друштво" АД Скопје.

Во месец јули 2018 година, избран е за независен неизвршен член и воедно и Претседател на Одборот на директори на „Аитоникс“ АД Скопје, (друштво од сферата на ИТ технологијата).

3. **Преглед на поважни трудови во последните пет години**

- UNLAWFUL DECISIONS OF THE SHAREHOLDERS ASSEMBLY AND LEGAL OPPORTUNITIES FOR THEIR REFUTATION – Iustinianus Primus Law Review Vol. 5:1, 2014 http://www.law-review.mk/pdf/08/Marko%20Andonov.pdf

- LEGAL ESSENCE OF THE MANAGEMENT CONTRACT WITH THE SPECIFICS OF THE MACEDONIAN LEGISLATION, Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje ISSN 1409-7893 UDK – 338, Year 16, No 1-2/2014, Indexed in EBSCO

- PARTICIPATION OF EMPLOYEES IN COMPANY MANAGEMENT – LEGAL BASIS FOR ITS IMPLEMENTATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, International May Conference on Strategic Management (IMKSM2014), May 2014, Bor, Serbia

- *„Правни проблеми и одлуките на судовите во врска со договорот за уредување на односите на друштвото со извршен член на одборот на директори, односно член на УО и договорот за уредување на односите на раководните работници во друштвото*“ – 71-ва Средба на правниците на РМ, Здружение на правници на РМ, Охрид, 16-18 октомври 2014 година

- SOME THEORETICAL ASPECTS OF THE CORPORATE SOCIAL RESPONSIBILITY INFLUENCE ON THE BUSINESS FINANCIAL PERFORMANCES, (original scientific paper) Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje ISSN 1409-7893, e-ISSN 1857-7741, UDK – 338, Year 17, No 1-2/2015, Indexed in EBSCO
- Challenges of the harmonization of Macedonian Environmental with the EU Legislation, *International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences,* Vol. 5 (2): 229-334 (2015), ISSN 2224-4980 THOMSON REUTERS – (indexed on Web of Science)
- Електронско склучување на договори за купопродажба и е-трговија во Р. Македонија, стручно списание „Правник“, бр. 281, септември 2015 год.
- MAIN CHALLENGES IN THE IMPLEMENTATION OF REGIONAL DEVELOPMENT IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, (original scientific paper) Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje, e-ISSN 1857-7741, UDK – 338, Year 17, No 3/2015, December 2015, Indexed in EBSCO
- PARTICIPATION OF EMPLOYEES IN MANAGEMENT BODIES OF THE MACEDONIAN SHAREHOLDING COMPANIES, Journal of Social Sciences Research, Vol 10, No. 2, ISSN 2321-1091, page 2060-2069 Impact factor 1,13 - http://cirworld.com/index.php/jssr/article/view/4468.
- THE SPECIFICS OF THE PRIVATE PLACEMENT OF SECURITIES IN MACEDONIAN SECURITIES LAW, 351.746.5(497.7), Third International Scientific Conference, Centar for Legal and Political Research, GoceDelchev University Shtip, September 2016, ISBN 978-608-244-353-9, COBISS.MK-ID 102150666
- CURRENT LEGAL SETTING AND FUTURE MARKET REGULATORY CHALLENGES OF SECURITIES MARKET IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA, UDC 336.75:340.13(497.7) Original scientific paper, Economic

Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje ISSN 1857-7741 (online) UDC -338, Year 18, No 3/2016, Indexed in EBSCO

- *Social Dialogue as a Form of Participation of Employees in Decision-Making and Management of the Companies with Emphasis on Social Dialogue in the Republic of Macedonia*,
  DOI: https://doi.org/10.5296/ijssr.v5i1.11010, International Journal of Social Science Research (Online ISSN: 2327-5510), Vol. 6, No. 1, March 2017, Macrothink Institute, USA
- EMPLOYEES' PARTICIPATION IN THE MANAGEMENT AND DECISION MAKING IN PUBLIC ENTERPRISES AND INSTITUTIONS – THE CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA, 4-th International Scientific Conference, University GoceDelchev – Shtip, September 2017, Conference Proceedings, ISBN 978-608-244-423-9, COBISS.MK-ID 103854858

- Contemporary Strategic Approaches for Social Value Creation based on Dimensions of Organizational Performance, Universal Journal of management 6 (10): 373-383, 2018, DOI: 10.13189/ujm.2018.061002, www.hrpub.org

**4. Преглед на други објавени трудови**

Покрај претходно наведените како поважни, кандидатот ги има објавено и следните научно – стручни трудови:

- Role of Organizational Communication on the Affective Commitment, *coauthor,* IRMBR International Review of Management and Business Research, march 2014 ISSN: 2306-9007 Vol 3 Issue.1 part 4, pages 517-527, International Scientific Indexing (ISI) Impact Factor 0.470; Index Copernicus (IC) Value 7.00; Global Impact Factor 0.389.

- *The Challenges to the New Perspectives of New European Union Regional Policy Legislation,* paper presented on the 9-th International Academic Conference on European Integration "The Europe of tomorrow: creative, digital, integrated" , May 2014, Skopje, Indexed in EBSCO

- *Regulation of Licensed Industries in Small Economies: Limiting the Number of Participants or Encouraging Competition for Better Service Quality,* paper presented on the 9-th International Academic Conference on European Integration "The Europe of tomorrow: creative, digital, integrated" , May 2014, Skopje, Indexed in EBSCO

- Some aspects of employees informing and consulting in accordance with the labor Law and Law on Safety and Health at Work, First International Scientific Conference, Center for Legal and Political Research, Faculty of Law, University GoceDelchev, Shtip, 11-13 September 2014, ISBN 978-608-244-129-0

- Illegal Decisions of a Shareholders Assembly, Balkan Social Science Review, Vol 3 (2014), 229.13(497.7:4-672EU) (094.2) ISSN 1857 – 8799(Indexed in EBSCO)

- *Inclusion of Persons With Mental Disorders in the Employment Process – Challenge for Contemporary Management*, HR konferencija: „Upravljanjekvalitetomljudskihresursa – savremenitrendovi", Белград, 23-25 октомври 2014 година

- Implementation of the new Labor-law Institute in the Macedonian Labor Law, меѓународна Kopaonickaskolaprirodnogprava, R. Srbija, декември 2014 година. –

casopis “PravniZivot”, ISSN 0350-0500, pochetnagodina – 1951, kategorijachasopisaPK 52, BICH impact factor 5: 0.093

- The Promise of E-democracy and Internet: Myths about Digital Agoras?, paper presented on the 10-th International Academic Conference on European Integration “European Integration New prospects” , May 2015, Skopje, Indexed in EBSCO

- ON-LINE POLITICS AND VOTING: OVERCOMING THE DEMOCRATIC DEFICIT, Journal of Social Sciences Research, Vol 8, No. 1, ISSN 2321-1091, Impact factor 1,704.

- The Position of Licensed Industries with Special Emphasis of the Republic of Macedonia, 6-th International OFEL Conference on Governance, Management, Entrepreneurship, New Business Models: Leading Disruptive Change – Dubrovnik April, 2018
- DRIVING BUSINESS SUCCESS THROUGH KEY ORGANIZATIONAL DRIVERS OF EMPLOYEE ENGAGEMENT - CASE STUDY, Ponte Academic Journal - (*International Scientific Researches Journal*), Florence, Italy, July 2016, Volume 72, Issue 7, http://dx.doi.org/10.21506/j.ponte.2016.7.28, ISSN: 0032-423X, E-ISSN: 0032-6356, Journal Metrics (JCR) Impact factor: 0,724; 5-year Impact factor: 0,735

**5. Објавени книги и монографии**

- Поврзаните лица во правниот систем на Република Македонија, Селектор, Скопје, 2010 година

- Стечај и стечајна постапка, Факултет за правни науки при Универзитет Американ Колеџ-Скопје, 2011 год

- Менаџерски договори, ко-автор, Полос Консалтинг, Скопје, 2014 година

- Светската трговска организација и Република Македонија, ко-автор, Универзитет Американ Колеџ Скопје, 2018 година

**6. Конферецији, семинари и едукативни активности**

- Ментор на тимот студенти на постдипломските студии на Факултетот за правни науки при УАКС, кои се пласираа на натпреварот од областа на корпоративната општествена одговорност, во организација на француската банка Сосиете Женерал, кој се одржува во Париз, Р. Франција, во месец февруари 2012 година.
- Учесник (едукатор) на меѓународна тркалезна маса на тема: *Успешно менаџирање на наследувањето на семејни бизниси*, во организација на Универзитетот Американ Колеџ Скопје и Мрежата РЕШИЦА, град Скопје, 16 март 2012 година
- Едукатор на семинарот (обуката) посветена на актуелни прашања од Законот за трговски друштва, наменета за постојни судии во основните и апелационите судии во РМ, во организација на Академијата за обука на судии и обвинители на РМ и поддржано од ИПА програмата на ЕУ, 19 април 2012 година, Скопје
- Учесник (едукатор) на собирот на здружението на правници од областа на здравството, во врска со актуелни прашања од доменот на трудовото законодавство во РМ - Струга, 4 мај 2012 година
- Учесник (едукатор) во обуката на тема: *Наследување на семејни бизниси* во организација на Центарот за организациона ефективност при УАКС, 15-17 мај 2012 година

- Учесник (едукатор) на еднодневниот семинар во Организација на Стопанската Комора на РМ, посветен на *Собранието на акционерското друштво и одговорноста на менаџерите во друштвото,* 18 мај 2012 година
- Организатор и учесник (едукатор) на тркалезна маса посветена на *Мирното решавање на работните спорови*, во соработка помеѓу Факултетот за правни науки при УАКС и Министерството за труд и социјална политика на РМ - 30 мај 2012 година
- Учесник (едукатор) на еднодневниот семинар во Организација на Стопанската Комора на РМ, посветен на *Актуелни апекти на трудово-правното законодавство на Р.Македонија,* 22 јуни 2012 година
- Учесник (едукатор) на еднодневниот семинар во Организација на Стопанската Комора на РМ, посветен на *Работно-правниот статус на здравствените работници и соработници согласно Законот за здравствена заштита,* 12 септември 2012 година
- Учесник (едукатор) на еднодневниот семинар во Организација на Стопанската Комора на РМ, посветен на *Аспекти на колективните договори и колективното договарање; Потребата од заживување на мирното решавање на работните спорови,* 5 октомври 2012 година
- Учесник (едукатор) на еднодневниот семинар во Организација на Стопанската Комора на РМ, посветен на *Измените и дополнувањата на Законот за трговски друштва; Преобразба од една во друга форма на трговско друштво,* 24 октомври 2012 година
- Едукатор на семинарот (обуката) посветена на некои аспекти од Законот за хартии од вредност, наменета за постојни судии и обвинители на РМ, во организација на Академијата за обука на судии и обвинители на РМ, 13 ноември 2012 година
- Учесник на тркалезната маса во организација на УСАИД и Академијата за обука на судии и обвинители на РМ на тема*: Детектирање на потребите за континуирана едукација на судството во областа на трговското право*, со излагање на тема: *Аспекти на статусната позиција на менаџерите и нивната одговорност согласно Законот за трговски друштва*, 22 ноември 2012 година, Холидеј Ин, Скопје
- Едукатор на обуката посветена на Откажувањето на договорот за вработување во организација на Центарот за организациона ефикасност при УАКС, Скопје, 14 декември 2012 година
- Организатор и модератор на панел дискусијата на тема: Разгледување на актуелните состојби со правото на штрајк во Република Македонија, Факултет за правни науки при УАКС, 17 декември 2012 година
- Едукатор на еднодневната обука на тема: *Финансиските инструменти во доказната постапка пред судовите*, во организација на Академијата за обука на судии и јавни обвинители во РМ и USAID, 15 февруари 2013 година
- Учесник на 16-тата меѓународна конференција посветена на финансиските пазари (*SGF Conference 2013, Swiss Society for Finacial Market Research*) - 12 април 2013 година, Цирих, Швајцарија
- Едукатор на еднодневната обука на тема: *Најактуелните работно-правни институти во светло на последните измени и дополнувања на Законот за работни односи* - Капитал Академија, Хотел Стоун Бриџ, Скопје
- Едукатор на еднодневната обука на тема: *Мобингот во светло на Законот за спречување од вознемирување на работно место* - едукативен центар Клир Вју, Скопје - 25 јули 2013 година
- Учесник на семинарот на тема: *EU Financial Services Law: How to satisfy internal governance and risk management requirements in the Financial institutions,* организиран од Европскиот Институт за Јавна Администрација, Луксембург, 6-7 октомври 2014 година

- Учесник на тркалезната маса на тема: *Искуствата од примената на Законот за заштита од вознемирување на работно место* одржана на 30.03.2015 год во организација на Факултетот за правни науки при УАКС и Здружението на правници на РМ
- Учесник и предавач на 76-та Средба на Здружение на правници на РМ, со труд под наслов: *Незаконити одлуки на Собранието на акционерското друштво и правни можности за нивно побивање,* Охрид, 4-6 мај 2017 година
- Студиски престој и одржани предавања преку Еразмус + програмата на Универзитетот во Падова – (Италија) – (на правниот и економскиот факултет) од областа на компаниското право и правото на хартии од вредност, во периодот од 13 – 17 ноември 2017 год
- Предавач на летната школа на тема „Inovation and Technology Law", во организација на Правниот факултет при Универзитетот во Падова, Р. Италија, 18-22 јуни 2018 година
- Учесник и предавач на 79-та Средба на Здружение на правници на РМ, со труд под наслов: *Преобразба на друштво со ограничена одговорност во акционерско друштво – можност за развој или непотребна финансиско-правна гимнастика,* Охрид, 18-20 октомври 2018 година

**7. Учество во експертски тимови:**

- Во март 2006 година, од страна на Комисијата за хартии од вредност е номиниран за член во три работни групи, кои што подготвија вкупно 25 подзаконски акти (Правилници), што произлегуваат од Законот за хартии од вредност;
- Во месец ноември 2006 година е номиниран за член на Советодавното тело за спречување на перењето пари и финансирање на тероризмот при Дирекцијата за спречување перење пари.
- Во месец февруари 2007 година, со одлука на министерот за финансии на РМ е избран за член на работната група при Министерството за финансии на РМ, која што изготви предлог текст на Закон за инвестициски фондови.
- Експерт за законодавство од областа на пазарот на капитал, вклучен во ИПА проектот на ЕУ, насловен: „Further harmonisation with EU Acquis in the field of movement of capital and payments and financial services – securities markets and investment services", Contract No. 11-41235/1, декември 2015 - јули 2016 година
- Експерт на Советот на Европа (Council of Europe) на HELP програмата - (Human rights Education for Legal Practicioners) во делот на следните подпрограми: *Бизнисот и човековите права* и *Правата од работен однос како човекови права,* Стразбур, јуни 2017 година

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на д-р Марко Андонов и одредбите на Законот за високото образование, како и одредбите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Неговата наставна и научно – истражувачка работа се континуирани и ја потврдуваат ориентацијата за систематски пристап кон проблемите од неговата научно - истражувачка и наставна област. Несомнено, д-р Андонов во текот на својата работа се има изградено и афирмирано како експерт од доменот на финансиското право, правото на хартии од вредност и трговското право. Освен академските и универзитетски активности кои ги има, од

особено значење се и неговите експертско-апликативни ангажмани со кои е присутен во деловниот и реалниот сектор, при што на најпластичен начин ги применува своите широки знаења од предметната материја.

При анализата на доставената документација и прилозите, рецензентската комисија утврди дека д-р Марко Андонов во целост ги исполнува (а во одредени делови и ги надминува) потребните услови за избор во звање – редовен професор, согласно член 166, став 3 од Законот за високото образование, како и одредбите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Марко Андонов ги исполнува предвидените законски и други услови, при што со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ колеџ Скопје, да го избере во **звање - редовен професор** по група предмети од областа на финансовото право, трговското право и компаративно право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

проф. д-р Тито Беличанец с.р.
Правен факултет „Јустинијан Први“,
Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје

проф. д-р Димитар Гелев с.р.
Правен факултет „Јустинијан Први“,
Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје

проф. д-р Кимо Чавдар,
Факултет за правни науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323